# Работата на Државниот инспекторат за труд во заштитата на работничките права

бр. 4

Февруари – Април 2020

Број на поднесени барања за вонреден инспекциски надзор

29







## Подрачни единици на Државниот инспекторат на труд до кои се поднесени барањата за вонреден инспекциски надзор




## Предмет на инспекциските надзори

Повреда на работно место

Необезбеден организиран превоз од работодавачите, неодржување дистанца од 2м на работно место и немање соодветна дезинфекција согласно мерките на Владата

Неисплатен регрес за годишен одмор

Незаконско раскинување на договорот за вработување

Непријавена прекувремена работа, неисплатена прекувремена работа, неисплатена минимална плата

Принудување работници да потпишат бланко решенија за годишен одмор




## Време на чекање за добивање одговор по поднесено барање за вонреден инспекциски надзор

Потребно време за доставување одговори од ДИТ по поднесени барање за вонреден инспекциски надзор




Време на чекање на одговор од ДИТ по барањата за вонреден инспекциски надзор за кои се уште нема одговор




## Препораки

**Да продолжи позитивната пракса на навремено постапување** со истата динамика, ефикасност и брзина со која се постапуваше за време на вонредната состојба по поднесените писмени, телефонски и електронски барања за поведување вонредни инспекциски надзори.

**Да се задржи значителниот напредок во поглед на праксата на честа и континуирана соработка** со граѓанските организации, синдикатите и сите останати релевантни чинители кои работат на унапредување и подобрување на работничките права. Државниот инспекторат за труд за време на вонредната состојба одржуваше неделни состаноци со граѓанските организации на кои се дискутираа, предложуваа, прифаќаа и имплементираа мерки за заштита на работниците.

**Да се зачестат инспекциските надзори по службена должност кај работодавачите кои работат за време на полицискиот час.** Инспекторатот треба да обезбеди доследно и целосно почитување на одредбите од Уредбата со законска сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредната состојба и останатите превентивни мерки и препораки за заштита. **Посебно внимание треба да се посвети на организирањето на превозот на работниците до и од работното место за време на полициски час.** Соодветна имплементација е неопходна и во поглед на: држењето на препорачаната дистанца за време на извршување на работните обврски; обезбедување и носење задолжителна заштитна опрема и дезинфицирање на просториите во кои се врши работниот процес.

Да се обезбеди доследна примена на исплатата на надоместоците на плата на работниците кои се ослободени од работа со превентивните мерки на Владата. Државниот инспекторат за труд треба да обезбеди **да нема погрешно толкување на превентивните мерки и препораки на Владата за ослободување на одредени категории на работници** и нивно неправилно поистоветување со членовите од Законот за работните односи кои се однесуваат на неможност за извршување на работата заради виша сила.

Да се интензивира и координира соработката со Агенцијата за вработување во насока на **спречување на незаконски откази за време на вонредната состојба предизвикана од коронавирусот.**

UKaid from the British people
British Embassy Skopje
ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОДУКТИВНОСТА ПРЕКУ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ ВО МАКЕДОНИЈА
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА